32877

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
OSNIVAČ SNJ
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting
777/34

ЕКРАН
Skopje
-4. X. 1985

ИЗЛОЖБИ

# ТАИНСТВЕНОСТА НА НЕКОЈА ДАМНЕШНА СЛИКА

*Кон самостојната изложба на Рубенс Корубин, Уметничка галерија, Скопје, септември, 1985.*

Може слободно да се каже дека појавата на ликовниот експеримент на Рубенс Корубин, веќе со својата прва јавна презентација, укажа на исклучителната творечка потенција. Се појави во моментот кога се чувствуваше потреба за „класична сериозност" на сликата, во моментот кога им недостигаше здив на вистинските расни цртачи и кога, поради тоа, постоеше можност за прекин во оној континуитет кој од секогаш ја сочинуваше вертикалата и сериозната вредност на нашето сликарство.

Носен од немирот за таинственоста на некоја одамна регистрирана слика, на некој настан, на некој незаборавен шок, (сеедно дали станува збор за лик, сцена или амбиент, меѓутоа, секогаш за просторот), Корубин изгради свет на работ на стварноста и фантазијата, свет обоен со стварноста со суптилни реченици на метафизиката, каде што не се инсистира на датите и времето.

Сакајќи да ги дофати константите на убавината, а со тоа да се приближи до нејзината апсолутна дефиниција (што е задача на уметноста и она поради што таа постои), Корубин поседува цел регистар добри предуслови:

Најнапред, како што веќе нагласивме, станува збор за извонреден цртачки потенцијал кој знае да ја контролира емоцијата на линијата со мали осцилации во квалитетот кога е во прашање ренесансното богатство на детали или современ потег — знак. Потоа, Корубин ја чувствува атмосферата на бојата со тактилност која не е за потценување, а во формирањето на формата како синтеза на ликовниот говор, може да иницира интересна и вдахновена поетика.

Ликовите — мошне блиски на редуцираната, вертикална драматика на Византија (во линијата и волуменот), или облагородени со здивот на некој можеби холандски колорит, некоја загадочна магла во чиј тонски вредности наоѓаме уверливост на инспиративниот резон и психолошки пораки во транспозиција, сместени во просторите од ренесансно потекло со доста цврст авторски ôд.

**Оценка: + + +** **Ладислав Баришиќ**